**П О В И К**

**за доделување грантови**

Центарот за управување со промени (ЦУП) од Скопје, во соработка со Асоцијација за Менаџмент Консалтинг 2000 (МКА-2000) и Центарот за истражувачко новинарство СКУП-Македонија (СКУП-Македонија) го имплементира проектот „**Следење на принципите на јавната администрација во зачувување на вредности на добро управување**“ финансиран од Европската Унија, преку ИПА програмата ,,Структура за поддршка на граѓанското општество и Медиуми 2015“.

Проектот се фокусира на воспоставување на мониторинг стандарди за добро управување на локално ниво според СИГМА принципите на јавна администрација, и следење на единиците на локалната самоуправа според утврдените стандарди за добро управување, притоа зголемувајќи го учеството на граѓанските организации во креирањето и следење на јавните политики на локално ниво, влијаејќи на подобрување на работата на локалните самоуправи.

Во рамките на проектот, се објавува повик за доделување грантови на граѓански организации за реализација на проектните активности.

Ќе бидат доделени 14 мали грантови во максимален износ од 5.000,00 евра во денарска противвредност по грант.

Грантовите ќе бидат доделени на граѓански организации исклучиво од региони надвор од Скопскиот (Битола, Струмица, Штип, Куманово, Велес, Тетово и Струга).

## ЦЕЛ НА ПОВИКОТ

Целта на овој повик е да се создаде функционална мрежа помеѓу четиринаесет (14) граѓански организации во 7 регионални области (Битола, Струмица, Штип, Куманово, Велес, Тетово и Струга) која ќе послужи во процесот на следење и евалуација на работата на единиците на локалната самоуправа преку воспоставени стандарди за добро управување, што треба понатаму позитивно да се ефектуира врз работата на администрацијата на локалните самоуправи, но и на политиките на централно и локално ниво.

Финансиската поддршка се доделува со цел да се зајакне влијанието на граѓанските организации во имплементирање на принципите на јавна администрација, како предуслов за транспарентно и ефикасно работење на локалните самоуправи.

## СОДРЖИНА НА ПРЕДЛОЖЕНИТЕ АКТИВНОСТИ

Од заинтересираните граѓански организации се очекува да поднесат апликации во кои ќе ја образложат својата акција насочена кон мониторинг на јавната администрација според насоките во овој повик.

**Предлог проектите треба да содржат активности за:**

- Методи на мониторирање на работата на локалните самоуправи, фокусирајќи се на конкретни области на работата на единиците на локалната самоуправа;
- Предлог теми за мониторирање на работата на локалните самоуправи согласно принципите на СИГМА – http://www.sigmaweb.org/publications/Principles-Public-Administration-Overview-Nov2014.pdf
- Изработка на една студија на случај на работата на локална самоуправа во регионот, според еден од принципите на СИГМА;
- Организирање на една дебата на локално ниво за да се поттикнат политички неутрални и објективни разговори со локалните актери кои носат јавни политики (Техничката и финансиската организација на дебатата ќе ја покрие ЦУП и партнерите);
- Подготовка на квартални извештаи (на 3 месеци) - вкупно 5 мониторинг извештаи за следење на работата на локалните самоуправи во вкупен временски период од 15 месеци, врз основа на дефинираните насоки и откако организацијата ќе ја помине фазата на обука и менторство.
- На кој начин проектот ќе има влијание врз општествените политики, креирајќи предлог решенија – што треба да бидат дел од мониторинг извештаите.
- Како проектните активности ќе влијаат да се зголеми свеста и потребата за добро управување на локалната самоуправа и принципите за јавна администрација.

## ЛОКАЦИЈА

Организацијата на која ќе и биде доделен грант треба да ја следи/мониторира работата на одредени локални самоуправи во својот регион кои точно ќе бидат утврдени во фазата на координација со селектираните организации.

## КРИТЕРИУМИ ЗА УЧЕСТВО НА ПОВИКОТ

Организацијата или организациите кои ја поднесуваат апликацијата, мора да ги исполнуваат следниве критериуми:

- Да е правно лице
- Да е регистрирано и да дејствува според Законот за здруженија на граѓани и фондации на ниво на Република Македонија
- Да е регистрирано во региони надвор од Скопскиот (Битола, Струмица, Штип, Куманово, Велес, Тетово и Струга)
- Најмалку една година оперативност на организацијата пред датумот на објавување на овој повик
- Искуство во сферата на работа во тематски области релевантни за јавна администрација
- Уредно пополнети обрасци за пријавување (Прилог 1 и Прилог 2)
- Да поседува солиден организациски и финансиски капацитет.

## ПРОЕКТИ КОИ НЕМААТ ПРАВО НА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА

- Проекти што се занимаваат само или главно со набавка на опрема
- Проекти поврзани со политички партии
- Долгови и трошоци за сервисирање на долгови
- Предложени активности кои се спроведуваат во рамките на тековни проекти на организациите финансирани од други донатори.

## АПЛИКАЦИЈАТА ТРЕБА ДА ГИ СОДРЖИ СЛЕДНИТЕ ДОКУМЕНТИ:

- ✓ Образец за пријавување (Прилог 1)
- ✓ Образец за предлог – буџет (Прилог 2). Буџетот треба да биде испланиран во рамките на трошоците дозволени во буџетскиот образец.
- ✓ Копија од решението за регистрација на организацијата издадено од Централен регистар на РМ.
- ✓ Куси биографии на клучниот персонал кој ќе биде вклучен во реализацијата на проектот и во подготовката на документите за јавни политики.

## КОНСУЛТАТИВЕН СОСТАНОК

За заинтересираните кандидати, ЦУП во соработка со партнерската организација МКА-2000 и СКУП-Македонија, ќе биде организирана информативна сесија на која ќе бидат претставени целите на проектот „**Следење на принципите на јавната администрација во зачувување на вредности на добро управување**“, условите за учество во грантовата шема, процесот на селекција, како и методологијата за спроведување на добиените грантови. Датумот и местото на информативната сесија ќе бидат дополнително утврдени и за тоа ќе биде објавена информација.

## НАЧИН И РОК НА ДОСТАВУВАЊЕ НА АПЛИКАЦИИТЕ

Апликациите треба да бидат поднесени преку електронска пошта на: info@cup.org.mk; cc: ivana.kjurkchieva@cup.org.mk, или во архивата на Центарот за управување со промени на следната адреса: Рајко Жинзифов 44/1-1, најдоцна до **29.05.2017 година, до 16:00 часот**. Насловот на електронската пошта треба да биде назначен со: **Апликација_ГГВ** (Име на организација).

По приемот на апликациите, електронски ќе биде потврдено дека апликацијата е примена.

Пријавата треба да биде поднесена од една организација односно од носителот на проектот со кој ќе биде потпишан договор за грант доколку предложената акција е избрана за финансирање.

ЦУП во соработка со МКА 2000 и СКУП-Македонија го задржуваат правото да побараат дополнителни информации за предлозите или за подносителите на пријавите за коишто сметаат дека се потребни за оценувањето.

## ДОПОЛНИТЕЛНИ ПОЈАСНУВАЊА

Дополнителни прашања и барања за појаснувања во врска со поднесувањето на апликации за грант може да бидат испратени на: ivana.kjurkchieva@cup.org.mk, најдоцна до **17.05.2017 година**.

## КРИТЕРИУМИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ И ИЗБОР

Предложените активности треба да бидат во согласност со овој повик. Предлозите ќе се оценуваат од страна на Комисија која ќе биде формирана за целите на оваа активност. Селекцијата на граѓанските организации ќе се врши врз основа на однапред воспоставени критериуми за избор кои се дел од овој повик (прикажани подолу).

Изборот на организации на кои ќе им биде доделен грант ќе се одвива во две фази и тоа:

- Оценување на пријавите според основните квалификациски барања;
- Образецот е соодветно пополнет и со придружната документација е доставен во рок и на начин предвиден во Повикот;
- Временска рамка и висината на буџетот соодветствуваат со барањата од Повикот;
- Организацијата ги исполнува условите за аплицирање на повикот.

**Преглед на критериуми за оценување**

| КРИТЕРИУМИ | ОПИС | МАКС.БОДОВИ |
|---|---|---|
| Предложениот проект и изборот на темата/темите се релевантни во однос на повикот | Акцијата предвидува креативен и рационален пристап кој придонесува кон остварување на целите и приоритетите на повикот и придонесува кон општата цел на проектот | 20 |
| Оригиналност на темите | Акцијата е особена и оригинална и се базира на специфични случаи базирани на резултати и докази преку работа на терен | 20 |
| Посветеност на организацијата на мониторинг на јавната администрација во имплементирање на Принципите на СИГМА | Мисијата, визијата и целите на организацијата се во насока на подобрување и зачувување на вредностите на добро владеење | 15 |
| Експертиза | Претходно искуство во областа на мониторинг на јавна администрација | 15 |
| Буџет и временска рамка | Вредност за пари, број на активности, ефективна временска рамка | 15 |

| | | |
|---|---|---|
| Кредибилитет и капацитет | Досегашни достигнувања и влијание во заедницата преку постигнување на промени согледани преку реализирани проекти | 10 |
| Локални партнерства (вмрежување) | Акцијата се спроведува во соработка со друга локална организација/неформална група, со која постои заеднички интерес | 5 |
| **ВКУПНО** | | **100** |

## ОБВРСКИ НА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

Избраните грантисти ќе ги имаат следните обврски во текот на реализација на проектните активности:

- ✓ Учество на дводневна обука за добро управување и комуникации, организирана од страна на Центарот за управување со промени;
- ✓ Учество на дводневна менторска работилница за следење на работата на локалните самоуправи врз основа на стандарди за добро управување, организирана од страна на Центарот за управување со промени;
- ✓ Следење на работата на локалните самоуправи во одреден регион врз основа на стандарди за добро управување;
- ✓ Изработка на препораки за подобрување на работата на локалните самоуправи во области каде има потреба од подобрување;
- ✓ Изработка на 5 квартални извешти од следењето на работата на локалните самоуправи, врз основа на утврдени стандарди и добиени насоки од проектниот тим;
- ✓ Активно учество на една регионална дебата во соработка со проектниот тим, заради презентирање на резултатите од следењето на локалните самоуправи.

Спроведувањето на активностите за мониторинг треба да се одвива во времетраење од 15 месеци во периодот октомври 2017 – декември 2018 година, додека учеството на обука и менторинг сесија може да се одвива пред овој период. Периодот на реализација на проектните активности ги вклучува и активностите за подготовка на завршниот наратив и финансиски извештај.

## РАСПОРЕД НА РОКОВИ

| | |
|---|---|
| Датум за почеток на поднесување апликации | 05.05.2017 год. |
| Рок за поднесување на појаснувања до проектот | 17.05.2017 год. |
| Датум кога проектот ќе издаде појаснувања | 19.05.2017 год. |
| Рок за поднесување на апликации | 29.05.2017 год. |
| Оценка на предлози | 31.05.2017 год. |
| Известување за доделување | 01.06.2017 год. |
| Потпишување на договор | 05.06.2017 год. |
| Забелешка: Датумите за оценка и доделување се подложни на измени. | |

## ОСТАНАТО

Грантот ќе се додели во денарска противвредност на банкарска сметка на организацијата Носител на проектот во утврдени рати согласно склучениот Договор.

Организацијата - Носител ќе биде единствено одговорна за реализацијата на активностите и плаќањата согласно буџетот на акцијата.

Во текот на спроведувањето на проектите, од страна на проектниот тим ќе бидат организирани средби со секој од грантистите заради појаснување на правата и обврските кои произлегуваат од доделувањето на финансиската поддршка и за допрецизирање на буџетот.